**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

**Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore**

Бул.Св.Климент Охридски бр.58 б, Скопје
rr. Bulevard Sveti Kliment Ohridskinr. 56 b, Shkup
поштенски фах 583
Kutia postare 583
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ембс 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 03-255/1
27.01.2022 год.viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 од Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, а согласно Заклучокот од 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 2 март 2021 година и Заклучокот од 69-та седница на Владата на Република Северна Македонија, точка 96, одржана на 11 мај 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција, Одборот на директори на шеесет и деветтата седница, одржана на 27.01.2022 година, по точка 3 од дневниот ред донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА НЕР АД СКОПЈЕ за 2022 година

## ВОВЕД

Една од основните задачи на НЕР АД Скопје во 2022 година ќе биде навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за отстранување на ризиците и санкционирање на сторителите на коруптивни дејствија. НЕР АД Скопје ќе одговори на потребата да изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови и нејзино спречување. На превентивен и репресивен начин ќе ги оспособува и ќе ги јакне нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата и ќе настојува да воспостави функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција.

Планот за спречување на корупција на Друштвото има за цел јакнење на сопствениот капацитет преку примена на атикорупциска политика преку која ќе се

воспостави систем на мерки што ќе овозможат спречување и справување со корупцијата и идентификување на причините, на условите и на факторите што ја овозможуваат. Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2022 година ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од коишто се очекува при извршувањето на задачите и овластувањата да применат соодветни знаења, вештини и етички капацитет. Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во Друштвото, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да ги препознаат облиците на корупција и да поседуваат способност да се спротивстават на корупцијата.

Корупција во Друштвото се препознаваат преку:

- постапување или непостапување на вработените во Друштвото при вршење на нивните задачи и овластувања, за што како возврат прибавуваат (бараат) за себе или за друг некаква (или прифаќаат некаква) корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета;
- непочитување на стандардните постапки и процедури;
- злоупотреби на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

Спречувањето и борбата против на корупцијата, Друштвото во 2022 година ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап во насока дека корупцијата нема да остане несанкционирана. Во рамките на превенцијата ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување на коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

Антикоруптивните мерки и активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на вработените, јасно дефинирање на овластувањата и одговорностите во Друштвото, како и преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во Друштвото.

Имајќи го предвид наведеното, Друштвото за 2022 година, особено внимание ќе

посвети на:

- професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Друштвото;
- дефинирање на  овластувања и одговорности во Душтвото;
- јакнење на интегритетот на вработените во Друштвото;
- превенција од аспект на отстранување на условите што овозможуваат корупција;
- репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и другите злоупотреби на овластувањата.

Во контекст на наведеното, приоритетни цели за 2022 година ќе бидат:

- Јакнење на интегритетот на вработените во Друштвото.
- Меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата и криминалот.
- Спроведување процена за ризик од појава на корупција на работните места.
- Воведување пропишани процедури за работа на работните процеси во Друштвото.
- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените.
- Континуирана и специјализирана обука во Друштвото.
- Преземање превентивни активности кон новвработените.
- Зајакната контрола и надзор на јавните набавки.
- Спроведување на обуки и работилници во врска борбата против корупцијата на вработените во Друштвото.
- Електронска евиденција на документите како напредна техника на канцалариското работење со кое се овозможува поефикасна контрола и надзор над работењето во Друштвото.
- Придржување и јакнење на принципите на отчетност и транспаретност во работењето на Друштвото.

## ПРИНЦИПИТЕ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

Вработените во Друштвото при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси.

Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност. Потребна е внимателна анализа на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените работи, за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на

интереси и корупција.

Со цел јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес за Друштвото, потребно е Друштвото преку разни комуникациски форми да овозможува пристап до информации за сите претставници од медиумите и други заинтересирани страни, водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и недискриминација.

На веб-страницата на Друштвото и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, работните средби од дневните настани што се поврзани со работата на Друштвото.

Со оглед на наведеното, а имајќи во предвид дека борбата за спречување на корупција е сложен процес кој бара ангажман и посветеност, Друштво ќе настојува да го спроведе планот за спречување на корупцијата доследно со примена на погоре споменатите мерки и активности.

НЕР АД Скопје
Одбор на директори
Претседател,
Александра Маројевиќ